

# Младите луѓе и сексуалното здравје



## Кон подобрување на стандардите за сексуално образование во Европа

Според Европската комисија, сексуалното здравје може да биде поврзано со состојбата на физичка, емоционална, ментална и социјална благосостојба, поврзана со сексуалноста, и не е само отсуство на болест, дисфункција или слабост. Како чувствителна област, сексуалното здравје вклучува повеќе нивоа на образовни, етички, здравствени, социјални и културни навики, кои значително се разликуваат во Европа.

Втемелена во 2011 година, *Европската и Регионална стратегија за сексуалното и репродуктивно задравје на Светската здравствена организација*, постигна напредок во националните зравствени политики, особено во развојот на превентивните мерки за небезбеден абортус и со воведување на сексуалното и репродуктивно здравје во националните агенди. Сепак, неколку предизвици сеуште останувааt да бидат решени:

- Неодамнешниот извештај за адолесцетно здравје и благосостојба од страна на Лансет комисиската група (мај, 2016), откри дека сексуалното здравје и сексуално преносливите инфекции остануваат значаен јавно-здравствен проблем во Европа;

- Две третини од младите луѓе растат во земји кадешто здравствените проблеми кои може да се спречат и да се лекуваат како што се небезбеден секс, сексуално преносливи ифекции, несакана бременост, повреди, насилство и депресија се постојана закана за нивниот развој и благосостојба.

Тековните регионални консултации за развој на *Европскиот акциски план за сексуално и репродуктивно здравје и права (СРЗП) 2017-2021*, ја нагласуваат важноста од инвестирање во сеопфатно и соодветно сексуално образование на децата, достапно за сите возрасни групи. Тие, исто така, ја нагласуваат потребата од вклучување на децата и адолесцентите како и нивните родители, преку Европската политичка стратегија што ги опфаќа важноста на сексуалното

и репродуктивното здравје и правата (СРЗП), особено за ранливите групи како што се ЛГБТ-те и бегалците. Акцискиот план, исто така, ја истакнува клучната улога на здравствените работници во остварувањето на инклузивен, високо квалитетен превентивен систем за заштита на сексуалното здравје.

Октомври, 2016
**Извор:** Public Policy Exchange Ltd Registered in England & Wales, № 7350384
**Изготвил:** Бранка Крстев, дипл. социјален работник